**Одлуки на Врховниот суд на Република Македонија по изјавени ревизии (месец јули, август, септември 2017-та година)**

*РЕВ2.бр.80/2016*

Нема вина кај тужениот што истиот како супсидијарен тужител согласно одредбата од чл.56 ст.2 од Законот за кривичната постапка го презел кривичното гонење против тужителот како обвинет за сторено кривично дело по чл.256 од Кривичниот законик на РМ - злоупотреба на постапката за стечај бидејќи истиот имал оправдани причини за основи на сомневање дека тужителот е кривично одговорен иако кривичната постапка што се водела спрема тужителот завршила со пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинение, а тужениот не бил со правосилна пресуда огласен за виновен за сторено кривично дело по чл.366 од Кривичниот законик на РМ - лажно пријавување на кривично дело. Со оглед дека не постои вина односно тужениот не му причинил штета на тужителот во смисла на одредбите од чл.9-а и чл.141 ст.1 од Законот за облиагациони односи тогаш истиот не е должен да му надомести штета односно да му плати справедлив паричен надоместок согласно чл.189 од ЗОО.

*РЕВ2.бр.338/2016*

Ако судот согласно со одредбата од чл.33 ст.3 од Законот за парнична постапка најдоцна до закажување на подоготвително рочиште не ја утврдил вредноста на предметот на спорот туку тоа го направил подоцна, во недозволена фаза од парничната постапка така што утврдил повисока вредност тогаш при одлучувањето за дозволеноста на ревизијата како вредност на предметот на спорот се смета односно меродавна е вредноста определена во тужбата.

*РЕВ3.бр.46/2016*

При состојба кога тужениот како работодавач не доставил доказ дека на секоја локација водел електронско евидентирање на полното работно време и на прекувременaта работа односно дека водел евидентен лист за присуство на работа на работниците со наведување на податоци за почетокот и завршетокот на работното време што била негова должност согласно одредбата од чл.116 ст.6,7 и 8 од Законот за работните односи, евиденцијата во карнетки со прилог дневен работен налог, без потпис на работникот со кој ќе го потврди своето присуство на работа односно едностраната евиденција на работното време од страна на тужителот не е доказ за присуство или отсуство од работа кај работодавачот.

*РЕВ2.бр.328/2016*

Усниот тестамент може да биде направен само од лица кои се способни да говорат. Изјавувањето на волја со движење на главата не е усно изјавена волја.
Тоа што завештателот не можел да се движи, пишува и говорот му бил отежнат како резултат на преживеан церебровасклуарен инсулт односно бил хронично болен не се исклучителни околности во смисла на одредбата од чл.90 ст.1 од Законот за наследувањето поради кои истиот не бил во можност да состави писмен тестамент. Потребно е да се оцени дали завештателот објективно бил во можност да ангажира адвокат, нотар и сведоци за составување на писмен тестамент.

*РЕВ2.бр.311/2016*

Основано е тужбеното барање на тужителката да и се утврди право на сопственост на дел од имотот кој е стекнат во брак со тужениот (заеднички имот) иако придонесот на тужителката во стекнувањето на истиот не се состоел само во работа со која се остваруваат парични средства туку и во нејзино ангажирање за заедничкото домаќинство и грижа за децата. Исто така, и имотот кој е стекнат во текот на бракот со парични средства кои едниот брачен другар ги обезбедил преку договор за кредит претставува заеднички имот на брачните другари.
При стекнувањето на заеднички имот се зема предвид секој облик на работа кој создава вредност, а не само заработувачката на брачните другари туку и помошта што едниот од нив ја пружа на другиот, водењето на домашните работи, грижата за одржување на постојниот имот, управување и зголемување на имотот, како и секој друг облик на работа и заработка на партнерите во управување, одржување и зголемување на имотот.

*РЕВ2.бр.312/2016*

Околностите дека продажната цена не била платена и дека тужителот не го имал во владение недвижниот имот – предмет на продажбата не се основ за утврдување на ништовност на договорот за продажба.

*РЕВ2.бр.379/2016*

Не е дозволена ревизија против решението донесено по предлог за противизвршување.

*РЕВ2.бр.311/2016*

Во парничната постапка во која се бара да се утврди дека предметниот објект бил неосновано срушен и надомест на материјална штета како доказ се цени приложеното правосилно одобрение за отстранување (рушење) на објекти склони кон уривање, издадено од надлежен орган, а не се од влијание наводите дека постоеле незаконитости на таквото одобрение за што се одлучува во друга постапка. Рушењето на објектот е правна последица од правосилноста на одобрението.

*РЕВ2.бр.322/2016*

Неосновано е тужбеното барање на тужителот против тужената за истата да му плати ½ од паричните средства, како имот стекнат во брак (заеднички имот), а кои се водат во банка како штеден влог на малолетниот син на странките. Ова од причина што истите, а согласно одредбата од чл.555 од Законот за облигациони односи, по слободна волја, знаење и согласност на странките биле пренесени во банка како дар за нивниот син.

*РЕВ2.бр.76/2016*

Со поведувањето на кривична постапка се прекинува застарувањето на кривичното гонење, како и се прекинува застарувањето на барањето за надомест на штета причинета со кривично дело. Застарувањето почнува да тече одново од денот кога оштетениот ја примил пресудата со која обвинетиот е огласен за виновен за кривичното дело со кое е причинета штетата за која оштетениот има барање за надомест. Со приемот на пресудата, оштетениот дознал за штетата и за лицето кое ја сторило штетата. Тужбата треба да се поднесе во рок од 3 месеци по приемот на кривичната пресуда.

*РЕВ3.бр.32/2016*

Во ситуација кога во кривичната постапка во која сега тужителот бил обвинет за сторено кривично дело „несовесно работење во службата" истиот без согласност на сега тужениот, банка и негов работодавач како докази за негова одбрана доставил документи кои немале ознака дека се од доверлив карактер односно дека се службена, деловна тајна, основано е тужбеното барање да се поништи одлуката со која на тужителот му е откажан договорот за вработување поради оддавање на деловна, службена тајна.

*РЕВ2.бр.173/2017*

Кога со договор за деловна техничка соработка и заедничко вложување во изградба на објекти, тужителот како изведувач се согласил изградбата на предвидените објекти да биде целосно финансирана од него, а изградбата на објектите била запрена затоа што не биле добиени потребните документи за тоа, тогаш тужениот како инвеститор не е одговорен односно не е должен да му исплати надомест на штета во висина на паричните средства што тужителот ги вложил за преземените подготвителни работи без оглед што тужениот го отповикал полномошното кое било дадено на тужителот со цел да го застапува и во негово име да ги презема сите потребни дејствија околу изградбата. Отповикувањето на полномошното, а потоа изјавата на тужениот за повлекување на отповикувањето на полномошното не влијаеле на запирањето на изградбата.

*РЕВ2.бр.161/2016*

Кога во текот на извршна постапка која се спроведува со реализација на засновано заложно право врз недвижност тужителот како трето лице уплатил паричен износ со цел исполнување на дел од должниковата обврска односно намирување на побарувањето на доверителот, сега тужениот и тој паричен износ стоел на времена сметка на тужениот определен временски период, а потоа бил вратен, неосновано е тужбеното барање на тужителот за надомест на штета во вид на испуштена корист поради неможноста слободно да располага со уплатениот износ, бидејќи истиот по своја волја се довел во таква ситуација без притоа во извршувањето да биде задолжен да го плати тој износ.

Изработил,

Христина Чагорска Јаковлевска -

Виш судски соработник